**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**
**MACEDONIAN DENTAL CHAMBER**

Ул. Антон Попов, бр. 1-4/5 Скопје
(02) 3246 851/852

**Бр. 03-348/1**
**11.03.2020, Скопје**

Почитувани,

Со оглед на состојбата поврзана со постојано зголемување на потенцијално позитивни на корона COVID-19 вирусот и одлуката на Владата на Република Северна Македонија од 10.03.2020 година, за забрана на масовни собири со над 1000 учесници , како и препорака за откажување/неодржување на јавни собири на отворено и во затворено со помалку учесници, во следните 30 дена, Стоматолошка комора на Македонија, а поврзано со најавените и прифатените настани од КСУ за 2020 година, Ве известува следново:

1. **Со оглед <u>дека Владата на РСМ препорача, а не забрани</u> одржување на настани на кои се очекуваат помалку од 1000 учесници, одлуката но и одговорноста дали пријавените настани од програмата на КСУ за 2020 година во следните 30 дена ќе се одржат или одложат/откажат, останува на организаторот на настанот**.

2. **Доколку организаторот одлучи да НЕ го одржи односно да го одложи/откаже пријавениот настан од КСУ, должен е да ја извести Комората по писмен пат или по е-маил, најдоцна <u>3 дена</u> пред предвидениот термин и јавно да го објави одлагањето, по што Комората**:
   - нема да го примени **<u>членот 28</u>** од Правилникот за КСУ
   - заедно со организаторот ќе разгледа <u>нов можен термин</u> за одржување на одложениот/откажаниот настан со усогласување и со други организатори кои ќе ги одложат/откажат настаните поради истите причини.

3. **Доколку организаторот одлучи да го одржи пријавениот настан од КСУ , Стоматолошка комора на Македонија препорачува:**
   - **<u>просторот</u>** каде е предвидено да се одржи настанот да е доволен за да може столчињата да се распоредуваат на поголемо растојание од вообичаеното (предложено безбедно растојание е околу еден-1 метар помеѓу присутните слушатели во т.н.кино распоред
   - да се обезбеди **<u>средство за дезинфекција</u>** на база на алкохол, како и сапун во тоалетите за да може присутните да имаат можност за постојана дезинфекција на раце

<u>Стоматолошката комора на Македонија исто така **препорачува** организаторите јавно да ги информираат и да им препорачаат на оние колешки и колеги кои веќе уплатиле или планираат да уплатат котизација за учество на настанот, да се воздржат од присуство на истиот, **доколку**:</u>

- престојувале во високо или средно високо <u>ризични земји</u>,
- имале <u>контакт</u> со лица кои биле во високо или средно високо <u>ризични земји или</u> региони, или со лица за кои има сомневање дека се можни носители на вирусот или
- имаат сознание дека самите се можни <u>носители</u> на вирусот **<u>и дека е подобро да не присуствуваат на настанот ттуку да ја почитуваат одлуката на Влада на РСМ каде што се наведени постапките во посочените ситуации</u>** <u>, при што Комората **препорачува** организаторот да им изврши **поврат** на уплатените средства.</u>

4. **Доколку организаторот одлучи да го одржи пријавениот настан од КСУ, а предавачите по повик не пристигнат на настанот** (независно дали се од земјава или од странство) за да се запази веќе потврденото решение за акредитиран облик, потребно е да предавањето на предавачот кој нема да го одржи предавањето **<u>да се достави до секој пасивен учесник</u>** во вид на аудио или видео запис на самото предавање, или најмалку како продолжен апстракт од не помалку од 1200 знака. Во случај на погоре наведеното **организаторот е должен на <u>супервизорот</u>** на настанот да достави писмено образложение за отсуство на поканетиот предавач најмалку **<u>2 часа</u>** пред почеток на настанот, како и предавањето во обезбедениот формат, со цел настанот да ги задржи бодовите кои му се наведени во решението од Комисијата за стручни прашања.

НАПОМЕНА: Доколку организаторот одлучи да го одржи настанот, а не располага со простор соодветен за регистрација на пријавени пасивни учесници, за кои ќе поднесе барање за бар кодови Стоматолошка комора на Македонија го задржува правото да не ги одобри бројот на побарани бар кодови, кој не соодвествува со просторот каде се одржува настанот.

5. Препораката наведена во овој допис ќе се достави до сите акредитирани организатори кои учествуваат во Програмата за КСУ за 2020 година
6. За сите понатамошни дејствија кои Стоматолошката комора на Македонија ќе ги превзема ќе се координира и усогласува заедно со акредитираните организатори, согласно заклучоците и препораките на Владата на РСМ , по што членовите на Комората ќе бидат известувани навремено и од страна на организаторите и од страна на Комората преку веб странаата.

11.03.2020, Скопје

**Стоматолошка комора на Македонија**
**Претседател**
**Др Маријан Денковски**

М.П.